КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

ДО ЗДРУЖЕНИЕТО НА КЛУБОВИ ОД ПРВАТА ЛИГА ЖЕНИ

Почитувани,

Во една натпреварувачка сезона, а земајќи го предвид меѓународното искуство, оптималниот број на натпревари во сениорските женски лиги може да варира во зависност од бројот на екипите во лигата, нивото на натпреварување и здравјето на играчите.

- За повеќето професионални и полупрофесионални сениорски женски екипи во кошаркарски лиги ширум светот, вклучително WNBA, FIBA и некои регионални натпреварувања, препораките за утврдување на бројот на натпревари, генерално се:

1. **Во регуларниот дел од сезоната**, бројот на натпревари вообичаено изнесува од 30 до 40.
   - Оваа бројка овозможува конкуренција и градење на „хемија“ во тимот, при тоа земајќи ја предвид издржливоста на играчите во текот на сезоната.

2. **Во плеј-оф**, дополнителни 5 до 15 натпревари во зависност од форматот.
   - Во овој дел од натпреварувањето, бројот на натпреварите зависи од бројот на екипите кои играат во самата завршница.

3. **Одмор (и закрепнување)**.
   - При правењето на распоредот мора да биде земен предвид периодот на одмор за да се спречат евентуални повреди. Вообичаено, од 2 до 3 натпревари неделно во текот на сезоната, со соодветен одмор помеѓу натпреварите, се прифатливи.

4. **Меѓународни натпреварувања**.
   - Националните репрезентации кои учествуваат на меѓународни настани (пр., ФИБА европско, светско првенство, Олимписки игри...) може да одиграат и дополнителни од 10 до 20 натпревари во една година.

- Примери од некои лиги:

Во **WNBA:** Во регуларниот дел од сезоната се играат 40 натпревари, а при учество во плеј оф натпреварувањето, бројот на натпревари се зголемува.

Во **FIBA EuroLeague Women** (и другите женски европски лиги), екипите најчесто играат помеѓу 30 и 40 натпревари, во зависност од домашните и меѓународните распореди.

Севкупно, во една натпреварувачка сезона и за една женска сениорска екипа бројот на натпревари изнесува од 35 до 50 натпревари. При тоа, мора да се прави рамнотежа помеѓу квалитетот на натпреварите, нивото на изведба и здравјето на играчите.

Извор: WNBA.com, fiba.basketball, *Journal of Sports Sciences* and *The American Journal of Sports Medicine,*

Бројот на натпревари во нашата Прва А и Б лига жени во новата 2024/25 сезона ќе се движи од минимум 15 натпревари (Прва Б лига) до максимум 29 натпревари (Прва А лига, завршница куп и плеј оф – со максимален број на натпревари).

НАПОМЕНИ ЗА НОВАТА СЕЗОНА 2024/25:

- Сите женски сениорски екипи кои ќе пријават две (2) младински екипи во системот на натпреварување на КФСМ, ќе треба да платат котизација која ќе изнесува 500 евра во денарска противвредност, на две (2) еднакви рати;
- Сите екипи кои ќе пријават само една, или воопшто нема да пријават младинска екипа во системот на натпреварување на КФСМ, ќе треба да платат котизација која ќе изнесува 1000 евра во денарска противвредност, на две (2) еднакви рати;
- Согласно членот 47.1 и 47.2 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, на судиите и делегатите им припаѓа надоместок за вршење на должност на натпревар, чиј износ се утврдува од страна на УО на КФСМ.
- И во оваа натпреварувачка сезона (2024/25), исплатата на надоместокот за службените лица ќе ја врши КФСМ за екипите кои имаат пријавено две (2) младински екипи;
- Согласно членот 46.1 од истоимените пропозиции, патните трошоци на службените лица се исплаќаат од страна на организаторот - клубот.

## СИСТЕМ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ЗА СЕЗОНАТА 2024/2025 ГОДИНА

## ПРВЕНСТВО НА РС МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 9 од Правилникот за натпреварување на КФСМ, Ви го доставувам следниот систем за натпреварување во Првата лига-жени за сезоната 2024/2025 година.

## ПРВА А ЛИГА ЖЕНИ

Се игра лига со осум (8) екипи, двокружен бод систем - ФИБА-БЕРГЕР, четиринаесет (14) кола, по принципот:

- Секој со секого, односно, еднаш дома, еднаш на гости.

Натпреварувачките броеви се одредуваат со ждрепка, пред почеток на првенството.

### Прва А лига - жени со осум (8) екипи:

### 1. Прв дел:

Првите седум (7) кола (1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 коло).

Напомена: По завршување на седмото (7) коло, сите осум (8) екипи, од првото (1) до осмото (8) место и со истите броеви учествуваат во формирање на осминафиналните (1/8) двојки за Куп натпреварувањето на РС Македонија, (1-16, 2-15, 3-14, 4-13, 5-12, 6-11, 7-10, 8-9).
Се игра еден натпревар на терен на послабопласираната екипа.

### 1.1 Втор дел:

Следните седум (7) кола (8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 коло).

1.1.1 Бараж: Двете (2) последнопласирани екипи во Првата А лига жени, или седмата (7) и осмата (8) екипа, разигруваат со првопласираните две (2) екипи од Првата Б лига жени, односно првата (1) и втората (2) екипа за пласман во четвртфиналната (1/4) фаза. Се игра во два (2) добиени натпревари од најмногу три (3) можни натпревари, по следниот распоред:

Двојка 1: (8А-1Б), (1Б-8А), (8А-1Б),
Двојка 2: (7А-2Б), (2Б-7А), (7А-2Б).

| |
|---|
| 1 |
| 2 |
| 3 |
| 4 |
| 5 |
| 6 |
| 7 (победник 7А и 2Б) |
| 8 (победник 8А и 1Б) |

1.1.2 Плеј-оф: По завршувањето на баражот, првопласираните осум (8) екипи играат плеј-оф за титула државен првак.

Напомена: Во четвртфиналната (1/4) фаза, првиот натпревар се игра на теренот на подобро пласираната екипа, а во полуфинална (1/2) и финална фаза, во зависност од успехот.

1.1.3 Четврфинале (1/4): Се игра во два (2) добиени натпревари од најмногу три (3) можни натпревари, по следниот систем (1-1-1) и распоред:

Двојка 1: (1-8), (8-1), (1-8);

Двојка 2: (2-7), (7-2), (2-7);

Двојка 3: (3-6), (6-3), (3-6);

Двојка 4: (4-5), (5-4), (4-5).

1.1.4 Полуфинале (1/2): Се игра во два (2) добиени натпревари од најмногу три (3) можни натпревари, по следниот распоред:

Двојка 1:  Победникот од двојка 1 и 4, (1-4), (4-1), (1-4), по системот 1-1-1;

Двојка 2:  Победникот од двојка 2 и 3, (2-3), (3-2), (2-3), по системот 1-1-1.

1.1.5 Финале: Победниците од полуфиналните натпревари, односно Двојка 1 и Двојка 2, играат финална серија во плеј-офот, во три (3) добиени натпревари од најмногу пет (5) можни натпревари, по следниот распоред: (1-2), (1-2), (2-1), (2-1), (1-2), по системот 2-2-1.

НАПОМЕНА: Во четвртфиналната (1/4) фаза, првиот натпревар се игра на теренот на подобро пласираната екипа, а во полуфинална (1/2) и финална фаза, во зависност од успехот.

Победникот на финалната серија на плеј-оф разигрувањето станува ДРЖАВЕН ПРВАК ВО КОШАРКА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА СЕЗОНА 2024/2025 година.

## ПРВА Б ЛИГА ЖЕНИ

Се игра лига со осум (8) екипи, двокружен бод систем - ФИБА-БЕРГЕР, четиринаесет (14) кола, по принципот:

- Секој со секого, односно еднаш дома, еднаш на гости.

Натпреварувачките броеви се одредуваат со ждрепка, пред почеток на првенството.

Прва Б лига - жени со осум (8) екипи:

1. Прв дел:

Првите седум (7) кола (1,2,3,4,5,6 и 7 коло).

Напомена: По завршување на седмото (7) коло, сите осум (8) екипи, од првото (1) до осмото (8) место ги заземаат следниве броеви од девет (9) редоследно до шеснаесет (16) и со истите броеви учествуваат во формирање на осминафиналните (1/8) двојки за Куп натпреварувањето на РС Македонија, (1-16, 2-15, 3-14, 4-13, 5-12, 6-11, 7-10, 8-9). Се игра еден натпревар на терен на послабопласираната екипа.

1.1 Втор дел:

Следните седум (7) кола (8,9,10,11,12,13 и 14 коло).

1.1.1 Бараж: Двете (2) последнопласирани екипи во Првата А лига жени, или седмата (7) и осмата (8) екипа, разигруваат со првопласираните две (2) екипи од Првата Б лига жени, односно првата (1) и втората (2) екипа за пласман во четвртфиналната (1/4) фаза. Се игра во два (2) добиени натпревари од најмногу три (3) можни натпревари, по следниот распоред:

Двојка 1: (8А-1Б), (1Б-8А), (8А-1Б),

Двојка 2: (7А-2Б), (2Б-7А), (7А-2Б).

| |
|---|
| 1 |
| 2 |
| 3 |
| 4 |
| 5 |
| 6 |
| 7 (победник 7А и 2Б) |
| 8 (победник 8А и 1Б) |

Доколку екипа од Првата Б лига жени го помине баражот:

1.1.2 Плеј-оф: По завршувањето на баражот, првопласираните осум (8) екипи играат плеј-оф за титула државен првак.

Напомена: Во четвртфиналната (1/4) фаза, првиот натпревар се игра на теренот на подобро пласираната екипа, а во полуфинална (1/2) и финална фаза, во зависност од успехот.

**1.1.3 Четврфинале (1/4):** Се игра во два (2) добиени натпревари од најмногу три (3) можни натпревари, по следниот систем (1-1-1) и распоред:

Двојка 1: (1-8), (8-1), (1-8);

Двојка 2: (2-7), (7-2), (2-7);

Двојка 3: (3-6), (6-3), (3-6);

Двојка 4: (4-5), (5-4), (4-5).

**1.1.4 Полуфинале (1/2):** Се игра во два (2) добиени натпревари од најмногу три (3) можни натпревари, по следниот распоред:

Двојка 1:  Победникот од двојка 1 и 4, (1-4), (4-1), (1-4), по системот 1-1-1;

Двојка 2:  Победникот од двојка 2 и 3, (2-3), (3-2), (2-3), по системот 1-1-1.

**1.1.5 Финале:** Победниците од полуфиналните натпревари, односно Двојка 1 и Двојка 2, играат финална серија во плеј-офот, во три (3) добиени натпревари од најмногу пет (5) можни натпревари, по следниот распоред: (1-2), (1-2), (2-1), (2-1), (1-2), по системот 2-2-1.

Напомена: Во четвртфиналната (1/4) фаза, првиот натпревар се игра на теренот на подобро пласираната екипа, а во полуфинална (1/2) и финална фаза, во зависност од успехот.

Победникот на финалната серија на плеј-оф разигрувањето станува ДРЖАВЕН ПРВАК ВО КОШАРКА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА СЕЗОНА 2024/2025 година.



РАСПОРЕД ЗА ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ЗА СЕЗОНА 2024/25 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| 2024 ГОДИНА | | |
| СЕПТЕМВРИ | | |
| ДАТУМ | ДЕН | КОЛО / НАСТАН |
| 28 | САБОТА | СУПЕР КУП, „Драган Василов - Цевка“ |
| ОКТОМВРИ | | |
| ДАТУМ | ДЕН | КОЛО / НАСТАН |
| 12/13 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1 КОЛО |
| 19/20 | САБОТА/НЕДЕЛА | 2 КОЛО |
| 26/27 | САБОТА/НЕДЕЛА | 3 КОЛО |
| НОЕМВРИ | | |
| 2/3 | САБОТА/НЕДЕЛА | 4 КОЛО |
| 7 | ЧЕТВРТОК | МАКЕДОНИЈА – УКРАИНА |
| 10 | НЕДЕЛА | МАКЕДОНИЈА – ПОРТУГАЛИЈА |
| 16/17 | САБОТА/НЕДЕЛА | 5 КОЛО |
| 23/24 | САБОТА/НЕДЕЛА | 6 КОЛО |
| 30/1.12 | САБОТА/НЕДЕЛА | 7 КОЛО |
| ДЕКЕМВРИ | | |
| 7/8 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/8 ФИНАЛЕ КУП НА РС МАКЕДОНИЈА |
| 14/15 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/4 ФИНАЛЕ КУП НА РС МАКЕДОНИЈА |
| 2025 ГОДИНА | | |
| ФЕВРУАРИ | | |
| 1/2 | САБОТА/НЕДЕЛА | 8 КОЛО |
| 6 | ЧЕТВРТОК | СРБИЈА - МАКЕДОНИЈА |
| 9 | НЕДЕЛА | УКРАИНА - МАКЕДОНИЈА |
| 14 | ПЕТОК | 1/2 ФИНАЛЕ - КУП НА РС Македонија |
| 15 | САБОТА | ФИНАЛЕ - КУП НА РС Македонија |
| 22/23 | САБОТА/НЕДЕЛА | 9 КОЛО |

| | | |
|---|---|---|
| МАРТ | | |
| 1/2 | САБОТА/НЕДЕЛА | 10 КОЛО |
| 8/9 | САБОТА/НЕДЕЛА | 11 КОЛО |
| 15/16 | САБОТА/НЕДЕЛА | 12 КОЛО |
| 22/23 | САБОТА/НЕДЕЛА | 13 КОЛО |
| 29/30 | САБОТА/НЕДЕЛА | 14 КОЛО |
| АПРИЛ | | |
| 2 | СРЕДА | БАРАЖ - НАТПРЕВАР 1 |
| 5/6 | САБОТА/НЕДЕЛА | БАРАЖ - НАТПРЕВАР 2 |
| 9 | СРЕДА | БАРАЖ - НАТПРЕВАР 3 |
| 12/13 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/4 ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 1 |
| 16 | СРЕДА | 1/4 ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 2 |
| 19/20 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/4 ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 3 |
| 26/27 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/2 ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 1 |
| 30 | СРЕДА | 1/2 ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 2 |
| МАЈ | | |
| 3/4 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/2 ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 3 |
| 7 | СРЕДА | ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 1 |
| 10/11 | САБОТА/НЕДЕЛА | ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 2 |
| 14 | СРЕДА | ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 3 |
| 17/18 | САБОТА/НЕДЕЛА | ФИНАЛЕ - НАТПРЕВАР 4 |
| 21 | СРЕДА | ФИНАЛЕ – НАТПРЕВАР 5 |

**КУП НА РС МАКЕДОНИЈА**

Осминафинале (1/8), еден натпревар на терен на послабопласираната екипа
(7/8.12.2024 година)

| | |
|---|---|
| Двојка 1 | А1 – Б8 |
| Двојка 2 | А2 – Б7 |
| Двојка 3 | А3 – Б6 |
| Двојка 4 | А4 – Б5 |
| Двојка 5 | А5 – Б4 |
| Двојка 6 | А6 – Б3 |
| Двојка 7 | А7 – Б2 |
| Двојка 8 | А8 – Б1 |

Четвртфинале (1/4), еден натпревар во зависност од пласманот во претходната фаза
(14/15.12.2024 година)

| | |
|---|---|
| 1 | Победникот од двојка 1 со победникот од двојка 8 |
| 2 | Победникот од двојка 2 со победникот од двојка 7 |
| 3 | Победникот од двојка 3 со победникот од двојка 6 |
| 4 | Победникот од двојка 4 со победникот од двојка 5 |

НАПОМЕНА: Федерацијата го задржува правото за промена на распоредот, доколку за тоа има оправдани причини.

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ